Република Северна Македонија
Средно општинско училиште Гимназија
„МИРЧЕ АЦЕВ"
Бр. 02-213/4
08.04. 2026 год.
ПРИЛЕП

СОУ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ“ – ПРИЛЕП

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ“ ПРИЛЕП

за периодот 2026 – 2030 година



Април, 2026

Врз основа на член 29-а став еден и два од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18, 229/20 и 78/25) и Правилникот за формата и содржината на развојната програма за работа на средното училиште, Број: 13-11881/1 од 04.09.2025 година, Училишниот одбор на седницата одржана на ден 08.04.2026 год. ја донесе следната

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

Училиште	СОУ Гимназија „МирчеАцев“ Прилеп
Адреса	ул. „Прилепски бранители“ бр.90-Б Прилеп
Телефон/фах	048/425–841
Е-пошта	gimmapp@yahoo.com
Период на подготовка на Развојната програма на училиштето	Декември, 2025 март, 2026
Број на ученици во училиштето	538
Вид на образование	Гимназиско
Сектори и квалификации*	/
Директор	
Име и презиме	Роберт Стојаноски
Потпис	
Датум	08.04.2026
Донесување од училишниот одбор	
Претседател на училишниот одбор	Николче Богданоски
Потпис	
Датум	08.04.2026

*Се однесува на средното училиште во кое се реализира стручно образование и на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука (Содржи членови од Законот за средното образование и од Правилникот за формата и содржината на развојната програма за работа на средното училиште).

Содржина

1. Податоци за средното училиште
   1.1. Идентификациски податоци за училиштето
   1.2. Историјат на средното училиште
   1.3 Училиштето денес
2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето
3. Фактори кои влијаат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа)
4. Мисија и визија на средното училиште
5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив
6. Дефинирани стратешки и развојни цели
7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето
8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

1. **Податоци за средното училиште**

1.1. Идентификациски податоци за средното училиште

Податоци	
Назив на средното училиште	СОУ Гимназија „Мирче Ацев“
Адреса	„Прилепски бранители“ 90-Б
Телефон	048 425 841
Место, општина	Прилеп, Прилеп
Интернет страница	www.gimprilep.edu.mk
Е-пошта	gimmapp@yahoo.com
Ден на училиштето	4-ти јануари
Внатрешна површина на училиштето (m2)	1 322 m2
Училишен двор (m2)	13 700 m2
Место на реализација на дејноста надвор од седиштето на средното училиште (доколку има такво)	/
Капацитет на училиштето (максимален број ученици)	1200
Број на ученици (моментална состојба)	538
Број на паралелки	30
Број на паралелки по сектори и квалификации*	/
Програми за постсредно образование и број на учесници	/
Програми за образование на возрасни и број на учесници	/
Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење и број на кандидати	/
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	2 смени
Во средното училиште има паралелки од уметничко образование	/
Во средното училиште има ресурсен центар	/
Други идентификациски податоци карактеристични за средното училиште	/

* Се однесува на средното училиште во кое се реализира стручно образование и на државното средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука

1.2. Историјат на средното училиште

Со ослободувањето на поголем дел од територииите од Македонија, за време на Втората светска војна се појавува потреба за организирање на животот во Македонија.

По предлог на Поверенството за просвета, Президиумот на АСНОМ, на своето заседание одржано на трети ноември 1944год. во с.Горно Врановци донесе решение за отворање на гимназии и учителски школи. Член 1 од Решението гласи:

„Да се отворат гимназии во следните градови: Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид."

По ова решение на АСНОМ, се пристапува кон реорганизирање и преименување на веќе постојната гимназија во Прилеп. По реорганизацијата, првиот Наставнички совет одржан е на 30 јануари 1945 год. На советот, за имиња на Гимназијата, до народноослободителниот одбор предложени се Пере Тошев и Мирче Ацев. Одборот го избрал името на нашиот загинат сограѓанин, поранешен гимназијалец - Мирче Ацев. Во првите две –три години гимназијата се наоѓала во просториите на денешното ОУ „Кочо Рацин“ а во 1949 г., таа во целост се перселила во зградата во која и денес се наѓа.

1.3 Училиштето денес

Денес СОУ гимназија „Мирче Ацев“ Прилеп е училиште од општо образовен карактер. Во него се подготвуваат ученици за продолжување на своето понатамошно образование. Работата во училиштето е во постојана корелација со локалната средина, во соработка со МОН со што се креира уписна политика за секоја учебна година.

Со цел да се подобри квалитетот на наставата и наставниот процес, училиштето постојано во рамките на своите можности врши опремување и осовремување на реализацијата на наставата, а се организираат и семинари и обуки за усовршување на наставниот кадар.

Во изминатиот период за подобрување на условите за работа и подобро функционирање на училиштето се спроведени повеќе активности: поставени се врати и радијатори за парно греење за четири училници во подрумскиот дел, санирана е паднатиот таван во медиотеката на третиот кат, монтирани се завеси во сите училници, монтирани се завеси во наставничка канцеларија, канцеларија на директор, канцеларија на Стручна служба, кабинетот по Информатика, медиотеката и кабинетот по Билогија, поставена е вештачка трева и адаптирано е игралиште за фудбал, набавени се четири бироа за компјутери за во Наставничка канцеларија, санирана е спортската сала, обновен е системот за озвучување, поставен е систем за идентификација со картички за сите вработени во училиштето, инсталирана е интернет комуникациска мрежа во медиотека, набавени се безжични звучници за наставата по странски јазици, поставени се тв монитори во 5 училници, уреден и опремен е кабинет по физика, поставени се лед светилки низ целата училишна зграда, поставени се клима уреди во кабинетот по информатика и во канцеларијата на директорот.

Од своето постоење па се до денес училиштето континуирано работи на подобрување на квалитет на наставата и условите за работа. Преку вложување во инфраструктурата, современа опрема и стручно усовршување на наставниот кадар се создаваат подобри услови за поефикасно реализирање на воспитно образовниот процес. Сето ова придонесува за подобрување на резултатите на учениците и за целокупниот развој на и модернизација на училиштето.

Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма за работа на средното училиште

Стратешка цел 1	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Унапредување на квалитетот на воспитно–образовниот процес.	1.1 Обучување на наставниците за примена на современи стратегии во наставата.		√		Се реализира во континуитет по учебни години. Ќе продолжи и во наредните.
	1.2 Унапредување на стимулативна средина за учење.		√		Се реализира во континуитет по учебни години. Ќе продолжи и во наредните.

Стратешка цел 2	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Унапредување на интеракцијата меѓу учениците и наставниците.	2.1 Подобрување на мотивацијата на учениците за подобрување на подобри резултати		√		Во текот на четири годишниот период се зголеми интеракцијата меѓу учениците и наставниците а тоа се покажува со успехот на учениците
	2.2 Подобрување на редовноста на учениците во наставата, намалување на изастнувањата во наставата.		√		Релизирано во текот на изминатиот период според направените анализи се намалува бројот на изостаноци а и бројот на изречени педагошки мерки.
	2.3 Унапредување на вештините за комуникација меѓу наставниците и учениците.		√		Делумно реализирано, а и ќе продолжи во континуитет.

Стратешка цел 3	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Подобрување на соработката со родителите.	3.1 Збогатување со форми на соработка со родителите		√		Ќе се реализира во континуитет со организирање на предавања за родители вклучување на родителите во работилници, проекти и други форми на соработка, односно вклучување на родителите во целокупниот воспитно образовниот процес.
Стратешка цел 4	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Подобрување на материјално-техничките услови за работа во училиштето.	4.1 Внатрешно уредување на училишната зграда.			√	Затоа што не се одборени финасиски средства продолжува и во иднина.
	4.2 Ново приклучување на водоводната мрежа.			√	Затоа што не се одборени финасиски средства продолжува и во иднина.
	4.3 Реконструкција на атмосферската и фекалната канализација.			√	Затоа што не се одборени финасиски средства продолжува и во иднина.
	4.4 Уредување на дворната површина на училиштето.			√	Затоа што не се одборени финасиски средства продолжува и во иднина.
	4.5 Опремување на стручни кабинети за унапредување и осовремување на наставата.			√	Затоа што не се одборени финасиски средства продолжува и во иднина.

2. **Фактори што влијат на развојот на средното училиште (СВОТ анализа**)

Предности (силни страни) на училиштето	**Слабости (слаби страни) на училиште**
Учеството на голем број на ученици на ученички натпревари и освоено голем број награди на државно и меѓународно ниво. Средината за учење придонесува учениците да се стекнуваат со знаења, вештини и способности. Ученици го продолжуваат понатамошното образование. Директорот има поддршка и соработка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето; Поддршка од страна на стручната служба при изготвување на планирањата на наставниците Промовирањето на постигањата на учениците. Добра соработката на училиштето со локалната заедница и деловната заедница	Недоволен број на компјутерска опрема во наставата. Традиционална настава. Дограмата по ходници и администратаивните простории е стара и дотраена. Недоволно хортикултурно уреден училишен двор. Недоволно нагледни средства и помагала за реализација на современа настава. Стари, неопремени соблекувални.
Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето	**Закани, пречки, предизвици што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување**
Унапредување на соработката со локалната и деловната заедница преку заеднички проекти. Зголемување на учеството на учениците на државни и меѓународни натпревари и проекти. Користење на современи ИКТ алатки и дигитални платформи во наставниот процес. Организирање обуки за професионален развој за наставниот кадар. Подобрување на инфраструктурата и наставните средства преку проекти и донации. Унапредување на кариерно насочување /советување на учениците. Продлабочување на соработката со родителите преку работилници и заеднички активности. Поттикнување на иновативноста, креативноста кај учениците. Зголемување на видливоста и угледот на училиштето преку јавни настани и медиумска промоција	Намалување на бројот на ученици поради демографски промени. Недоволна финансиска поддршка од надлежните институции Брзи промени во образовните политики и реформи. Социјални и економски фактори што влијаат врз учениците.

3. **Мисија и визија на средното училиште**

Мисија:

Нашата мисија е да обезбедиме квалитетно и современо образование преку развој на компетентни, самостојни и одговорни ученици, со примена на иновативни методи, континуиран професионален развој на наставниот кадар и соработка со родителите и заедницата во инклузивна и поддржувачка средина за сите.

Визија:

Нашата визија е да бидеме современо опремено училиште со безбедна средина, во кое ќе има иновативна и квалитетна настава, ќе се обезбедува квалитетно, современо и инклузивно образование.

Училиште во кое ќе учат ученици кои ќе ги развиваат своите знаења, вештини и компетенци, ќе знаат критички да размислуваат, ќе бидат креативни и ќе се изградат со високи морални и етички вредности.

Училиште кое е насочено кон целосен развој и подготовката на учениците за успешно продолжување на образованието, оспособени, активни млади луѓе кои ќе имаат потенцијал и ќе умеат да се справуваат со предизвиците што се одлика на современото општество.

4. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

Приоритет	Образложение
Да се унапреди квалитетот на наставниот процес преку систематско планирање и континуирана набавка на современи наставни и нагледни средства, како и интеграција на напредна информатичко-компјутерска технологија во образованието.	За поефективна реализација на наставниот процес и со самиот развој на технологијата неминовна е потребата од примена на современи наставни и нагледни средства. Исто така и потребата за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници. Недостаток во училиштето од компјутерска технологија, клучна во реализацијата на наставата.
Да се унапреди севкупниот развој и успех на учениците преку зголемување на нивната редовност, активно учество во воннаставни активности и зајакнување на соработката со родителите.	Постигањата на учениците се важен приоритет во наставнот процес и за тоа има придонес редовното следење на учениците. Со редовното присуство на учениците во наставата се подобрува нивниот успех, а со вклучувањата во ВНА се зголемува мотивацијата, интересот кај учениците. Во постигнувањата на учениците клучен фактор се и родителите и соработката со нив.
Подобрување на квалитетот на наставата преку стручно усовршување на наставниците и унапредување на наставните услови.	Во наставнот процес има недостаток на стручна литература која му е потребна на наставниците за подобра реализација на наставата но и постојано надградување и усвршување на професионалните компетенци на наставниците со постојана едукација.
Унапредување на успехот на учениците преку систематско собирање и анализа на податоци за нивните потреби, мотивација и поддршка од страна на наставници, со цел развивање ефективни стратегии за поддршка и подобрување на училишната средина.	Подобрување на успехот на учениците е важен приоритет во училиштето. Преку многубројните анализи училиштето добива реална слика за состојбата и предизвиците со кои се соочуваат учениците, навремено препознавање на проблемите и планирање на содветни стратегии. Клучна улога имаат и наставниците кои континуирано им даваат поддршка што придонесува учениците да имаат подобри постигнувања.

Подобрување на условите за работа преку реализација на реконструктивни зафати во училиштето.	Подобрување на условите за работа во училиштетео е важно затоа што обезбедува безбедна, функционална и мотивирачка средина за учениците и наставниците. Реконструктивните зафати придонесуваат за поквалитетна настава.
Унапредување на менталното здравје кај учениците во училиштетео и во соработка со локалната заедница и стручни институции.	Унапредувањето на грижата за менталното здравје кај учениците е важно затоа што директно влијае врз нивното учење, однесување и целокупниот развој. Преку соработка со локалната заедница и стручни институции се обезбедува навремена и стручна поддршка со што се создава безбедна и подржувачка средина за сите ученици подеднакво.
Подобрување на меѓучовечките односи меѓу вработените преку унапредена комуникација и тимска соработка.	Подобрувањето на комуникацијата меѓу вработените во училиштето е важен приоритет бидејќи обезбедува подобра координација и поефективно работење. Тоа придонесува во подигнувањето на квалитетот на воспитно образовниот процес и во градењето на позитивна работна клима и промовирање на училиштето.

5. Дефинирани стратешки и развојни цели

Од приоритети кон стратешки цели

Приоритет/и	**Стратешка цел**
1. Наставни планови и програми Да се унапреди квалитетот на воспитно образовниот процес преку систематско планирање и континуирана набавка на современи наставни и нагледни средства, како и интеграција на напредна информатичко-компјутерска технологија во образованието.	Да се обезбедат современи наставни и нагледни средства и компјутерска информатичка технологија со цел подобрување на квалитетот на образованието и зголемување на дигиталната писменост на учениците.
2. Постигања на учениците Да се унапреди севкупниот развој и успех на учениците преку зголемување на нивната редовност, активно учество во воннаставни активности и зајакнување на соработката со родителите.	Да се подобри воспитно-образовниот процес преку зголемување на редовноста на учениците, нивно активно вклучување во воннаставни активности (ВНА) и зајакнување на соработката со родителите.
3. Учење и настава Подобрување на квалитетот на наставата преку стручно усовршување на наставниците и унапредување на наставните услови и климата во училишто.	Зголемување на квалитетот на образованието преку професионално усовршување на наставниците и создавање подобри услови за реализирање на наставниот проце и подобрување на учлишната клима.

4. Поддршка на учениците Подобрување на успехот на учениците преку систематско собирање и анализа на податоци за нивните потреби, мотивација и поддршка од страна на наставници, со цел развивање ефективни стратегии за поддршка и подобрување на училишната средина.	Да се подобри успехот на учениците преку развивање на систем за поддршка во учењето и мотивацијата, со активно вклучување на наставниците, создавајќи поттикнувачка и поддржувачка училишна средина.
5. Подобрување на условите за работа Преку реализација на реконструктивни зафати во училиштето .	Продолжување на реконструктивните зафати во училиштето .
6. Управување, раководење и креирање политика Унапредување на менталното здравје кај учениците во/и соработка со локалната заедница и стручни институции.	Континуирано едуцирање на наставниот кадар Перманентна грижа за здравјето кај учениците, со посебен акцент на унапредување на менталното здравје кај учениците и емоционалната добросостојба кај учениците.
7. Училишна клима Подобрување на меѓучовечките односи меѓу вработените преку унапредена комуникација и тимска соработка.	Подобрувањето на комуникацијата меѓу вработените во училиштето и градење на позитивна училишна клима.

6.Од стратешки цели кон развојни цели

Стратешка цел 1	Развојни цели
Подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Зголемување на квалитетот на воспитно образовниот процес преку професионално усовршување на наставниците и создавање подобри услови за реализирање на наставниот процес.	1.1. Набавка на информатичка компјутерска технологија.
	1.2. Планирање за набавка на наставни и нагледни средства.
Стратешка цел 2	Развојни цели
Зголемување на редовноста на учениците, нивно активно вклучување во воннаставни активности (ВНА) и зајакнување на соработката со родителите.	2.1. Намалување на изостанувањето и зголемување на редовноста на учениците
	2.2. Мотивирање на учениците за учество во воннаставни активности.
	2.3. Зајакнување на соработката со родителите со активно придонес-вклучување во воспитно-образовниот процес.

Стратешка цел 3	Развојни цели
Подобрување на квалитетот на образованието преку професионално усовршување на наставниците и создавање подобри услови за реализирање на наставниот процес.	3.1. Обезбедување стручна литература и наставни материјали.
	3.2. Организирање обуки и семинари за наставници.
Стратешка цел 4	Развојни цели
Подобрување на успехот на учениците преку развивање на систем за поддршка во учењето и мотивацијата, со активно вклучување на наставниците, создавајќи поттикнувачка и поддржувачка училишна средина.	4.1. Подобрување на мотивацијата на учениците за постигнување на подобри резултати.
	4.2. Унапредување на вештините на комуникација меѓу наставниците и учениците.
Стратешка цел 5	Развојни цели
Подобрување на условите за работа преку реализација на реконструктивни зафати во училиштето.	5.1. Реализација на реконструктивните зафати во училиштето со цел обезбедување безбедна, функционална училишна средина.
	5.2. Реновирање просториите и училниците за подобрување на условите за работа.
Стратешка цел 6	Развојни цели
Грижа и превенција за менталното здравје кај учениците .	6.1. Грижа за менталното здравје на учениците.
	6.2. Едукација на наставниот кадар и родители.
	6.3. Соработка со стручни институции и локалната заедница.
Стратешка цел 7	Развојни цели
Подобрувањето на комуникацијата меѓу вработените во училиштето и градење на позитивна училишна клима.	7.1 Едукација на наставниот кадар за подобрување на училишната клима.

7. Акциски план за реализација на развојната програма на училиштето

Стратешка цел 1 Подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес						
Развојна цел 1.1 Набавка на информатичка компјутерска технологија						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Формирање на тим 2.Проценка на потребите, анализа на постоечката опрема. 3.Набавка на потребната ИКТ опрема.	Наместени компјутери. Зголемен број на наставници кои користат ИКТ во наставата.	Директор	2026-2030		Определен на Н.С	Записници од СА, ДОП, презентации, анкета.
Развојна цел 1.2 Планирање за набавка на наставни и нагледни средства						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Формирање на тим. 2.Анализа на постечката состојба /констатации. 3.Иницијатива на ниво СА за набавка на потребите наставни и нагледни средства во наставата за подобрување на натавата. 4.Сумирање на податоците. 5.Набавка на наставни средства и помагала.	Формиран тим Анализа Записници на СА Средби Листа за потребни нагледни средства Дневни подготовки/ сценарија за час Подобрување на наставата Зголемена употреба на наставни нагледни средства од наставниците	Директор Предметни наставници Стручна служба	2026-2030		Определен на Н.С	Записници од СА. Анкета/ прашалник Евалуација на активностите.

Стратешка цел 2 Зголемување на редовноста на учениците, нивно активно вклучување во воннаставни активности (ВНА) и зајакнување на соработката со родителите						
Развојна цел 2.1 Намалување на изостанувањето и зголемување на редовноста на учениците						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Формирање на тим за следење на редовноста. 2.Анализа на причините за изостанување. 3.Идентификација на ризични ученици. 4.Редовно следење на учениците со повеќе изостаноци. 5. Вклучување на родителите и информативни состаноци.	Идентификувани главни причини и предложени решениа за намалување на изостаноците Намалување на бројот на изостанувања на учениците Навремена интервенција Зголемено присуство на родителите на состаноците	Директор Предметни наставници Стручна служба	2026-2030		Тим за следење на редовноста формиран на наставнички совет	Извештаи од состаноци, белешки Евиденција на присуство, е-дневник Листа на редовност, Анкети, извештаи
Развојна цел 2.2 Мотивирање на учениците за учество во воннаставни активности.						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Организирање на презентација за воннаставни активности и придобивките од нив. 2.Формирање клубови по интерес (спорт, литература, наука, уметност). 3.Организирање на конкурси, натпревари и изложби 4.Наградување и промоција на активни ученици.	Поголема вклученост на учениците во ВНА Мотивираност на учениците за вклучување во клубови во училиштето Учениците покажуваат зголемена активност	Директор Предметни наставници Стручна служба	2026-2030		Тим за воннаставни активности Стручна служба Наставнички совет	Извештаи од настани, фотографии, листи за присуство Листа на ученици, Листа на наградени,

Развојна цел 2.3 Зајакнување на соработката со родителите со активно вклучување во воспитно-образовниот процес.						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Организирање редовни родителски средби. 2.Воведување интерактивни работилници за родители и деца. 3.Родителска вклученост во подготовка на активности. 4.Споделување едукативни материјали за родители.	Зголемена вклученост на родителите во воспитно образовниот процес Зголемена вклученост во работилниците Интерес од родителите за вклученост во подготовка на активностите	Директор Предметни наставници Стручна служба Родители	2026-2030		Совет на родители на годината Совет на родители на училиштето	Листа на присутни, анкети Список на членови Извештаи

Стратешка цел 3 Подобрување на квалитетот на образованието преку професионално усовршување на наставниците и создавање подобри услови за реализирање на наставниот процес.						
Развојна цел 3.1 Обезбедување стручна литература и наставни материјали						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Анализа на состојбата за потрбна стручна литература и наставни материјали. 2.Идентификација за потребната стручна литература и наставни материјали. 3.Набавка на стручна литература (книги, учебници, дигитални ресурси).	Составен список на литература и материјали за потребите на наставниот процес Број на набавени книги и материјали според планот; Достапност за наставниците и учениците	Директор Предметни наставници Стручна служба, Библиотекар	2026-2030		Директор	Извештаи, анкетни листови за наставниците Одобрена листа, е-списоци на литература Записници од СА

Развојна цел 3.2 Организирање обуки и семинари за наставници						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Организирање обуки за нови методи на настава. 2.Организирање семинари за примена на ИКТ во наставата. 3.Размена на искуства и добри практики. 4.Евалуација и анализа на ефектите од обуките.	Зголемен број на наставници кои учествуваат на обуките Зголемен број на наставници кои успешно применуваат ИКТ во наставата Подобрување на квалитетот на наставата според стандарди Зголемена активност кај учениците	Директор, Предметни наставници, Стручна служба, Надворешни обучувачи	2026-2030		Тим за професионален развој, БРО МОН	Листи на присуство Извештаи од обуката Практични демонстрации, анкети, следење на примена на ИКТ

Стратешка цел 4 Подобрување на успехот на учениците преку развивање на систем за поддршка во учењето и мотивацијата, со активно вклучување на наставниците, создавајќи поттикнувачка и поддржувачка училишна средина.						
Развојна цел 4.1 Подобрување на мотивацијата на учениците за постигнување на подобри резултати						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Примена на интерактивни наставни методи. 2.Поставување јасни цели за учење и критериуми за оценување. 3.Следење на напредокт на учениците. 4.Систематско следење на постигањата формативно и сумативно оценување. 5.Евалуација.	Зголемена активност на учениците Намален број на слаби оценки Подобрување на успехот	Директор Предметни наставници Стручна служба Класни раководители	2026-2030		Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители	Евиденција за напредок, извештаи Анализа на оценки

Развојна цел 4.2 Унапредување на вештините на комуникација меѓу наставниците и учениците						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Подобрување на интеракцијата меѓу учениците и наставниците. 2.Имплементација на работилници и други активности за техники на учење во наставата. 3.Спроведување онлајн анкети за комуникација наставник–ученик. 4.Евалуација.	Зголемена интеракција меѓу учениците и наставниците Подобрена ученичка активност и учество на часови Подобрена соработка наставник–ученик	Директор Предметни наставници Стручна служба Класни раководители	2026-2030		Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители	Евиденција за напредок, извештаи Анализа Резултати од анкетни прашалници

Стратешка цел 5 Подобрување на условите за работа преку реализација на реконструктивни зафати во училиштето						
Развојна цел 5.1 Реализација на реконструктивните зафати во училиштето со цел обезбедување безбедна, функционална училишна средина						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Анализирање на состојбата. 2.Ново приклучување на водоводната мрежа. 3.Реконструкција на атмосферската и фекалната канализација. 4.Партерно уредување (асфалтирање) на целата асфалтна површина и бетонирање на оштетена бетонска површина во дворот. 5.Хортикултурно уредување на целокупната дворна површина во училиштето.	Подобрување на доводот на вода Подобрување на состојбата со канализацијата Поуреден и еколошки почист училишен двор	Директор Локална самоуправа на Општина Прилеп Градежна фирма Одговорни лица од ЈКП „Водовод и Канализација “и ЈКП „Комуналец“ Прилеп	2026-2030		Директор Локална самоуправа на Општина Прилеп Градежна фирма Одговорни лица од ЈКП „Водовод и Канализација “ и ЈКП „Комуналец“ Прилеп	Проект документација

Развојна цел 5.2 Реновирање на просториите и училниците за подобрување на условите за работа						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Анализирање на условите за работа. 2.Уредување на ѕидови, подови и тавани на сите училници и замена на сите внатрешни врати. 3.Реконструкција на сите скали во зградата (обложување со гранитни плочи). 4.Реновирање на терацото на сите ходници во училишната зграда. 5.Обновување на инвентарот (клупи и столчиња). 6.Подобрување на условите за работа со опремување на стручни кабинети за реализација на современа настава	Уредени училници Реконструирани скали Уредени ходници Број на обновени клупи и столчиња Уредени и современи кабинети	Директор Технички персонал Наставници Релевантни институции (МОН, Архитектонски, проектантски, геодетски, градежни фирми)	2026-2030		Директор Технички персонал Наставници Релевантни институции (МОН, Архитектонски, проектантски, геодетски, градежни фирми)	Училници Извештаи Анализа Циркуларни писма Проект-документација

Стратешка цел 6 Унапредување на менталното здравје кај учениците во/и соработка со локалната заедница и стручни институци						
Развојна цел 6.1 Подобрување на менталното здравје на учениците						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Формирање на тим за изработка на програма за заштита на менталното здравје на учениците. 2.Изработка на програма за заштита на менталното здравје на учениците . 3.Реализација на програмата за заштита на менталното здравје. 4.Евалуација и рефлексија на реализираните активности .	Формиран тим Изработена програма Реализирани предавања и работилници за ученици Извештај од реализиранта програма	Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители	2026-2030		Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители	Записници Програма Листа на присуство Акциски план за работилниците
Развојна цел 6.2 Едукација на наставниот кадар и родители за менталното здравје кај учениците						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1. Учество на семинари за наставници за препознавање на знаци на ментални проблеми кај учениците. 2.Обуки/информативни сесии за родители за ментално здравје. 3.Подготовка и дистрибуција на едукативни материјали. 4.Спроведување на работилници за ученици со наставници и родители.	Број на одржани семинари и работилници Поголема информираност на родителите и наставниците за менталното здравје Поголема застапеност на едукативни матријали	Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители Родители	2026-2030		Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители Родители	Листа на наставници за присуство на семинари и обуки Извештаи Анализа Анкета

Развојна цел 6.3 Соработка со стручни институции и локалната заедница						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Воспоставување на соработка со стручни институции. 2.Едукативни работилници за учениците.	Соработка со стручни институции Зголемена свесност за менталното здравје Соработка со локалната средина	Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители	2026-2030		Директор Предметни наставници Стручна служба Кл.раководители	Записници Извештаи Писма за соработка со стручни институции

Стратешка цел 7 Подобрувањето на комуникацијата меѓу вработените во училиштето и градење на позитивна училишна клима.						
Развојна цел 7.1 Едукација на наставниот кадар за подобрување на училишната клима						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за спроведување	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите	Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите
1.Спроведување почетна проценка на училишната клима 2.Организирање на интерни обуки за ефективна комуникација и позитивна дисциплина 3.Организирање работилници за справување со конфликти 4.Евалуација	Подобрена комуникација во училиштето Подобрени меѓучовечки односи	Директор Стручна служба Предметни наставници	2026-2030		Директор Стручна служба Предметни наставници	Анализа Подготовка на Акциски план (чекори на планирани активности) Евиденција и документација - Списоци, листи за присуство, прашалници Извештај

Комисија за изработка на Развојната програма за работа на средното училиште

- Светлана Барлакоска – училишен педагог
- Евда Спиркоска - училишен социолог
- Анкица Стеваноска Јанческа – наставник по информатика
- Ирена Иваноска – наставник по иновации и претприемништво
- Николче Богданоски – наставник по историја
- Мартин Наумоски – наставник по македонски јазик и литература

Датум

08.04.2026

МП

Вд Директор

Роберт Стојаноски

Претседател на училишниот одбор

Николче Богданоски